# Поддршка за имплементацијата на Стратегијата за Ромите

Бр. 1

Билтен на проектот „Поддршка за имплементацијата на Стратегијата за Ромите“ финансиран од Европската Унија, спроведуван од Конзорциумот ББИ

## *Драги читатели,*

Со цел навремено обезбедување на информации за планираните и спроведените активности во рамките на проектот Поддршка за имплементација на Стратегијата за Ромите, неговиот стручен тим постојано истражува, анализира, собира податоци. Оттука произлезе и овој информатор што ќе се објавува на секои четири месеци. Во првиот број се опишани реализираните активности за периодот февруари – септември, 2011 година. Сите содржини од ова и идните изданија, како и други информации за она што го работиме во интерес на поддршката за спроведување на Стратегијата и Декадата за вклучување на Ромите, ќе бидат достапни и електронски. Вие, читателите, можете да не најдете и контактирате  на веб страната на проектот, на www.mtsp.gov.mk.



**Учесници на обуката за управување со проектен циклус, 19-21 јули 2011, Скопје**

## Поддршка за имплементацијата на Стратегијата за Ромите, *Лоцирање на проблемите = наоѓање на решенија*



Анализи, работа на терен, дискусии со релевантни и засегнати лица како и низа истражувања, вака експертскиот тим создава јасна слика за реалната состојба во врска со ромското население во земјава. Преку оценување на степенот по кој се движи спроведувањето на Стратегијата за Ромите, Националните акциони планови (НАП) и Локалните акциони планови (ЛАП), што напреднало, а што стагнирало за овие шест години, експертите се обидоа да постават основа за полесно постигнување на главната цел на Декадата. Кратко кажано: преку лоцирање на проблемите да се дојде до клучот за нивно решавање. Еден од заклучоците во експертските извештаи упатува токму на неопходноста од градење на капацитетите на институциите во однос на препознавање и решавање на проблемите. За таа цел, експертите, почнувајќи од месец мај, 2011 година, одржаа неколку обуки. На обуките им претходеше оценување на потребите од обука на целните групи на проектот, на централно и локално ниво.

По пат на интервјуа, анкети со дистрибуција на пишани прашалници, тимот одлучи какви обуки ќе се спроведуваат. До крајот на септември се реализираа четири обуки и една работилница.

Сите овие  беа наменети за вработените во Одделението за имплементација на Стратегијата и Декадата за Ромите (ОИСДР), Кабинетот на Министерот без ресор (МбР), и во некои од нив беа вклучени и членови на Националното координативно тело (НКТ). Од голема важност се и обуките за претставниците на локално ниво - општинските фактори и невладините организации.



**Обука за управување со проектен циклус, 19-21 јули 2011, Скопје**



**Обука за управување со проектен циклус, 19-21 јули 2011, Скопје**

- *Преку соодветна обука за релевантните институции, анализи на експерти и техничка помош, проектот обезбедува максимална поддршка за целосна и поефективно спроведување на Стратегијата за Ромите.*

## *Продуктивна комуникација = Ефективно работење*



Еден од приоритетите на почетокот од проектот беше креирање на соодветна Стратегија за комуникација како основна алатка за подобар квалитет на комуникацијата: во институциите, меѓу институциите, и со општата јавност. Од стратегијата произлезе и оперативен план со чие спроведување се обезбедуваат потребните алатки за комуникација, одредени се одговорни лица, буџети и временска рамка. Стратегијата беше усвоена од Министерството за труд и социјална политика.  Трите клучни субјекти - МТСП со неговото ОИСДР, Кабинетот на Министерот без ресор и НКТ – имаат клучна улога во координација на спроведувањето на Стратегијата за комуникација.

## *Стратегијата за Роми*



Стратегијата за Ромите донесена во 2004 година обезбедува широка рамка за изработка на оперативни документи за подобрување на состојбата на Ромите во земјата. Стратегијата исто така е во согласност со приоритетите на Декадата за вклучување на Ромите. Клучните владини институции се одлучни да обезбедат високо квалитетно спроведување на Стратегијата. Целта е да дејствуваа здружено за да ја направат земјата добар пример за другите во областа на рамноправноста и вклучувањето на Ромите. И некои резултати се веќе видливи: Стратегијата станува се позначаен фактор! Но се уште постојат некои основни работи кои треба да се направат, а главно се однесуваат на:

- градење на капацитетите на релевантните институции на централно и локално ниво;
- спроведување на приоритетите од Стратегијата и Декадата за Ромите и на сродните акциони планови на начин којшто ќе обезбеди остварување на реални резултати;
- потребата од подобрување на комуникацијата меѓу клучните институции;
- институционална поддршка за понатамошен развој и функционирање на Ромските информативни центри (РИЦ).

## *КЛУЧНИ ПРЕПОРАКИ*



Оценката на Стратегијата за Ромите претставува краток преглед на статусот на Стратегијата со конкретен осврт на постоечките механизми за спроведување, како и обезбедување на неколку препораки за подобрување. Последните се однесуваат на:

- Релевантни документи (Национални и локални акциони планови)



Што се однесува на клучните документи, неопходно е да постои единствено разбирање за координирани акции, но и создавање на релевантни национални акциони планови кои, реално, можат да се реализираат. Институциите мора да се погрижат документите кои се усвоени на ниво на општините да одговараат на националните приоритети.

- Институционални аранжмани




Една институција треба да биде одговорна за координација меѓу владата и меѓународните институции, меѓу институциите на национално ниво и меѓу оние на национални и локални нивоа во врска со спроведувањето на Стратегијата и Декадата.

Единствено така комуникациската сложувалка ќе биде комплетна.

- Мониторинг и евалуација



Неопходно е да се воспостави рутинска координација во клучните институции. Потребна е квалитетна координација, но и контрола врз средства за финансирање, како и поголема транспарентност.

Како последна, но не и помалку важна препорака, е одржувањето и континуираниот развој на едни од најважните „играчи„ на локално ниво, оние кои се во директен контакт со проблемите и потребите на Ромите од сите делови на земјата, но и единствена нивна врска со локалните институции – Ромските информативни центри. Меѓу приоритетите на Стратегијата за Ромите беше токму формирањето на РИЦ, сега приоритет треба да биде нивното континуирано одржување и подобрување на условите за работа.

- ***Клучни владини институции се посветени на обезбедување на високо квалитетна спроведување на Стратегијата, но сеуште основни промени се потребни***

- ***Мора да се воспостави базична, рутинска координација меѓу клучните институции, средства за финансирање и транспарентност треба да бидат обезбедени***

- ***Институциите мора да се уверени дека усвоените документи на локално ниво се согласуваат со националните приоритети.***

## *Оценка на Ромските информативни центри и локалните акциони планови*



Темелна проценка на Ромските информативни центри беше обезбедена преку теренски посети и методи за  собирање и анализа на податоци. Целта беше утврдување на актуелната состојба на РИЦ-овите,  нивниот капацитет и ефективност во вршењето на нивната важна улога. Препораката се однесува на можностите за осигурување на подобри услови за работа. Овој проект со сите свои средства и интелектуални капацитети ќе обезбеди и понатамошни активности за поддршка на развојот и градење на нивните капацитети.

Како што веќе погоре истакнавме, тимот од експерти исто така направи проценка на локалните акциони

*Проектот е финансиран од Европската Унија*
*Проектот се спроведува од Конзорциумот ББИ*
*Содржините на оваа публикација на никаков начин не ги изразуваат гледиштата на Европската комисија*

планови. Се користеа методи за собирање на податоци преку барања испратени до општините, теренски посети, интервјуа и групни дискусии со локалните засегнати страни. Врз основа на резултатите започна подготовката за ревизија на постојните ЛАП-ови и развојот на нови. Во фокусот се три различни општини:

1) оние без ЛАП-ови во моментов;

2) оние во кои е предвидено ревидирање на ЛАП-ови; и

3) оние кои не го вратија назад испратениот прашалник за време на проценката.

Селекцијата на целните општини е во тек. Проектот ќе обезбеди поддршка за спроведување на актуелните ЛАП-ови. Ова е предвидено да се реализира во периодот декември, 2011 – мај, 2012 година.

## *21 Меѓународен управен комитет на Декадата за Ромите, 29-30 септември*

Имплементацијата на националните планови и активностите на Советот на Европа поврзани со Ромите беа главен предмет за дебата меѓу учесниците на дводневниот состанок на Меѓународниот управен комитет на Декадата за вклучување на Ромите.

На овој состанок, националните координатори ги доставија своите извештаи за реализација на акционите планови за вклучување на Ромите за 2011.



**21 Меѓународен управен комитет на Декадата за Ромите, септември 29-30, 2011**

На состанокот учествуваа Министерот без ресор и Национален координатор на Декадата, пратеникот во Собранието, Амди Бајрам, Роберт Лидел – Министер советник во Делегацијата на Европската Унија во Скопје, Жељко Јовановиќ – Директор на Ромските иницијативи Отворено Општество - Будимпешта и Мамта Мурти - Директор на Светска банка, оддел за развој на човечки ресурси за Европа и Централна Азија. Проектниот тим од експерти ја подготви програмата на Претседателството на Декадата за Ромите преку серија на консултативни средби со корисниците, и истата беше усвоена од страна на Владата на редовната седница на 18-ти мај 2011. Програмата содржи темелно планирање на настани кои ќе бидат организирани во периодот јули 2011 – јуни 2012 година, почнувајќи со оваа средба на Меѓународниот управен комитет. Таа ќе им помогне на одговорните да можат соодветно да го испланираат буџетот за предвидените активности.

**Тимот на проектот го сочинуваат:**

Тим лидер,
Огниан Друмев

Клучен експерт,
Фернандо Виљареал

Директор на проектот,
Најџел Шекспир

Пом. тим лидер,
Валери Панцаров

Група на краткорочни експерти

Административен персонал:

Татјана Мијовска,

Срѓан Рашити

Марија Илиевска

Енида Садулова

European Year of Volunteering 2011

**Контакт за информации:**

Министерство за труд и социјална политика
Даме Груев бр. 14

1000 Скопје

Тел.: 02/32 32 361

E- mail: ODrumev@mtsp.gov.mk

Веб страна : www.mtsp.gov.mk

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Конзорциумот ББИ и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија.

**Повеќе информации за Европската унија на:**

www.europa.eu